**Архивски број: 04 – 1233/6**
**Дата:16.10.2023 година**

**З А П И С Н И К**
**Од спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСм бр.238/19 и 167/21) на ден 16.10.2023 година со почеток во 11 :00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за транспорт, пред Комисијата за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од в.д.директорот на Државниот инспекторат за транспорт со арх.број 04 – 1233/4 од 28.09.2023 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

1. **Таџедин Ајдари** - Советник инспектор за патен сообраќај за град Тетово – ментор
2. **Зоран Колев** – Советник инспектор за патен сообраќај за град Штип, Радовиш, Кочани и Виница
3. **Бојан Антиќ** – Раководител на одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај - Виш инспектор
4. **Ресул Шемо** – преставник од Инспекциски Совет

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор Јакуп Мамути, кандидат за Советник инспектор за патен сообраќај за град Гостивар и Дебар кој изврши симулација на редовен инспекциски надзор согласно Закон за превоз во патниот сообраќај Q4.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца на инспектор (Сл.весник на РСм бр.238/19 и 167/21) при што кандидатот за инспектор Јакуп Мамути изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекцискиот надзор.

По презентирањето на симулараниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Јакуп Мамути, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 15 бода
- Спроведување на инспекциски надзор – 25 бода
- Затварање на инспекциски надзор - 30 бода
- Документирање на инспекциски надзор - 15 бода


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu" nr.21
Shkup

+389 2 2 461 510
www.dit.gov.mk

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Јакуп Мамути освои вкупно 85 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел се реализира во време:

Почеток во 11 : 00 часот на ден 16.10.2023 година

Завршување во 12:30 часот на ден 16.10.2023 година

Таџедин Ајдари________________

Зоран Колев________________

Бојан Антиќ________________

Ресул Шемо________________



Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21,
Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk